**Известување за концентрација со која ГХАРАГЕ Венчрс ГмбХ Германија, Дуфрај Интернешнл АГ Швајцарија и Тејкавеј.ком Централ Кор Б.В. Холандија, ќе стекнат заедничка контрола над Дафл Травел Ритејл Платформ ГмбХ Германија**

**(предмет бр. 08-162/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.11.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација која се однесува на промената на Дафл Травел Ритејл Платформ ГмбХ (Duffle Travel Retail Platform GmbH), деловна адреса: Штрасбургер Штрасе 55, 10405 Берлин (Германија), кое моментално е под самостојна контрола на ГХАРАГЕ Венчрс ГмбХ (GHARAGE Ventures GmbH), деловна адреса: Шангајалле 9, 20457 Хамбург, Германија, зависно друштво на Гебр. Хајнеманн СЕ & Ко.КГ (Gebr. Heinemann SE & Co. KG), со регистрирано седиште на Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија, во заедничко вложување кое ќе биде под заедничка контрола на ГХАРАГЕ Венчрс ГмбХ, (GHARAGE Ventures GmbH), Дуфрај Интернешнл АГ (Dufry International AG), деловна адреса: Брунngaеслајн 12, 4052 Базел, Швајцарија и Тејкавеј.ком Централ Кор Б.В. (Takeaway.com Central Core B.V.), со корпоративно седиште во Амстердам, Холандија, деловна адреса: Пиет Хајндеке 61, 1019 ГМ Амстердам, Холандија.

ГХАРАГЕ е зависно друштво на ГХ кое инвестира и соработува со старт-апи во рамките на екосистемот за патување и малопродажба. ГХ е семеен бизнис со седиште во Хамбург, кој управува и снабдува дјути-фри продавници на аеродроми, поморски пристаништа и гранични премини ширум светот.

ГХ има регистирирано присуство во Северна Македонија и остварило приходи преку трговија на големо и снабдување на мало на стока за потрошувачи при патување.

Дуфрај Интернешнл е зависно друштво на Дуфрај, кое пак, заедно со неговото зависно друштво Аутогрил С.п.А (Autogrill S.p.A.), претставуваат глобален бизнис за малопродажба за патувања што работи со малопродажни места на аеродроми и други транспортни центри, и глобален снабдувач на услуги за храна и пијалоци на патници. Дуфрај котира на Швајцарската берза (SIX) во Цирих, Швајцарија.

Дуфрај нема регистирано присуство во Северна Македонија и не било активно во Северна Македонија во 2022 година.

ЦЕТ Централ Кор е зависно друштво на Јаст Еит Тејкавеј.ком Н.В. (Just Eat Takeaway.com N.V.), кој е онлајн продавница за достава на храна кои ги поврзува клиентите со ресторaните и други партнери преку нивните платформи. ЦЕТ котира на Берзата на Еуронекст Амстердам (Холандија) и Лондонската берза (Обединетото Кралство).

ЦЕТ има седиште во Холандија и работи во 20 држави.

ЦЕТ нема регистирано присуство во Северна Македонија и не било активно во Северна Македонија во 2022 година.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација може да биде дефиниран како ***пазар за онлајн продавница и услуги за достава на аеродроми***. Што се однесува до географскиот опфат на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителите сметаат дека релевантниот географски пазар може да се дефинира најмалку ***на ниво на Европската економска област, ако не и на светско ниво***, по опфат, со оглед дека онлајн продавниците и услугите за испораки на аеродроми се натпреваруваат меѓусебно, начелно, на меѓународно ниво на аеродромски дестинации. Сепак, имајќи ги предвид надлежностите на Комисијата да ги анализира условите на конкуренција на територијата на Република Северна Македонија, Подносителите доставуваат оценка за конкуренцијата на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

13.11.2023 година
Скопје